20262694862

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2026 година.

Бр. 08-6969/1
13 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 253/25) во член 7 ставот 6 се брише.

Во ставот 7 кој станува став 6 зборовите: „ставовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 1, 2, 3, 4 и 5“.

Ставот 8 станува став 7.

Во ставот 9 кој станува став 8 зборовите: „ставовите 2, 3 и 6“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 2 и 3“, а зборовите: „ставовите 4, 5 и 6“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 4 и 5“.

Ставот 10 станува став 9.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.